Машински факултет
Број 01-265/2
6.02.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), во согласност со основниот текст на Правилникот број 01-302/1 од 7.02.2017 година и дополнувањето број 01-265/1 од 6.02.2020 година, на предлог на Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот на 43-та редовна седница одржана на 6 февруари 2020 година, го утврди и донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

за финансиска поддршка на активностите поврзани со научноистражувачката работа и активностите поврзани со меѓународната соработка за развој на науката и образованието

- Пречистен текст -

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат основите, видовите на активности, формите, начините и критериумите за финансиска поддршка на наставниот и соработничкиот кадар на Машинскиот факултет во Скопје, во вршењето на научноистражувачката работа и активности поврзани со меѓународната соработка, за развој на науката и образованието.

### Член 2

Наставно-научниот и соработничкиот кадар на Факултетот, во вршењето на научноистражувачката работа и активностите поврзани со меѓународната соработка, може да добие финансиска поддршка по следниве основи:

- Објавување на научноистражувачки труд во истакнато научно списание кое е индексирано и се наоѓа на листите: Emerging Sources Citation Index од базата на Web of Science, Ebsco, Emerald или Scopus (во понатамошниот текст: објавување труд во списание).
- Објавување на научно-истражувачки труд во научно списание со импакт фактор во базата на Web of Science кое е од областите кои ги покриваат Инситутите и Одделот (во понатамошниот текст: објавување труд во списание со импакт фактор).
- Учество со труд на меѓународен научен собир (конгрес, конференција или симпозиум), со уредувачки (програмски) одбор составен од членови од најмалку пет држави од кои ниту една не е застапена со повеќе од 40% од членовите. Дополнително, презентираниот научноистражувачки труд треба да биде објавен во зборникот на трудови од научниот собир или во научно списание кое е посветено на научниот собир (во понатамошниот текст: учество на меѓународен научен собир).
- Апликации на меѓународни проекти во рамките на Европската програма од полето на образованието „ERASMUS+" или Европската програма од полето на истражувањето и иновациите „Horizon 2020" (во понатамошниот текст: апликација на меѓународни проекти).

### Член 3

Финансиската поддршка по основите од членот 2 на овој правилник може да се добие доколку наставно-научниот и соработничкиот кадар е директно вклучен во следниве активности:

- плаќање на трошоци за котизација за меѓународни научни собири;
- покривање на патни и дневни трошоци за учество на меѓународни научни собири во кој корисникот на ЛНК учествува како излагач на трудот или предавач на пленарно предавање;
- плаќање на трошоци за објавување на труд во списание со или без импакт фактор во случај кога корисникот на ЛНК е автор или коавтор на трудот;
- покривање на патни и дневни трошоци за учество на меѓународни собири за вмрежување и потикнување на иницијативи за апликација на меѓународни проекти во рамките на Европската програма од полето на образованието „ERASMUS+" и Европската програма од полето на истражувањето и иновациите „Horizon 2020";
- набавка на литература (книги, списанија, зборници на трудови и сл.);
- набавка на софтвер.

**Член 4**

За евидентирање на добиената финансиска подршка или финансиската подршка ставена на располагање се отвораат „Лични Научни Картици" како посебни картици во сметководството на Факултетот (во понатамошниот текст: ЛНК).

ЛНК се отвараат за секој вработен избран во наставно-научно или во соработничко звање, кој ќе поднесе барање за отворање на ЛНК.

Секоја ЛНК има единствен идентификациски број за секој вработен избран во наставно-научно или соработничко звање.

**Член 5**

Средствата за финансиска поддршка по основите од овој правилник се изразуваат во бодови, за секој од основите пооделно.

Вредноста на бодот ја утврдува Деканската управа на Факултетот.

**Член 6**

На секоја отворена ЛНК, еднаш годишно, по основ на финансиска поддршка од оваа одлука, се става на располагање паушал во висина од 100 бодови.

Средствата од паушалот и дополнителните средства кои се остваруваат по основите од членот 2 на овој правилник се ставаат на располагање на носителот на ЛНК под условите и критериумите утврдени за секој од основите пооделно.

## II. Финансиска поддршка за објавување труд во списание и труд во списание со импакт фактор

**Член 7**

За секој објавен труд во списание на ЛНК се ставаат на располагање дополнителни средства по основ на финансиска поддршка во износ од 200 бодови.

За секој објавен труд во списание со импакт фактор на ЛНК се ставаат на располагање дополнителни средства по основ на финансиска поддршка во износ од 350 бодови.

**Член 8**

Средствата се ставаат на располагање на ЛНК само на еден од авторите на трудот, на првиот автор или авторот за кои писмено ќе се согласат сите автори на трудот. Средствата се ставаат на располагање по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Кон барањето подносителот доставува: копија од објавениот труд, доказ дека трудот е објавен и доказ дека списанието го задоволува условот опишан во член 2.

**Член 9**

Трудот кој се објавува не смее претходно да биде објавен во друго списание, ниту да биде плагијат на други научни трудови.

Сите автори подеднакво се одговорни во случај на повреда на авторските права согласно Законот за авторското право и сродните права.

**Член 10**

Финансиската поддршка по овој основ може да се бара само за труд со најмногу четири автори, од кои најмногу половина можат да бидат надвор од Факултетот.

## III. Финансиска подршка за учество на меѓународни научни собири

**Член 11**

За секое учество на меѓународен научен собир со труд кој се презентира усно и кој е објавен во зборникот на трудови на научниот собир или во списание посветено на научниот собир, на ЛНК на лицето кое го презентирало трудот се ставаат на располагање дополнителни средства по основ на финансиска поддршка во износ од 250 бодови.

**Член 12**

Средствата се ставаат на располагање на ЛНК само на еден од авторите на трудот кој воедно е учесник на собирот и излагач на трудот.

Средствата се ставаат на располагање по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Кон барањето подносителот доставува: копија од трудот, доказ дека трудот е целосно објавен во зборник на трудови (не во зборник од апстракт на трудови) или во списание кое е посветено на научниот собир и потврда за учество со усна презентација.

**Член 13**

Финансиската поддршка по овој основ може да се бара само за труд со најмногу пет автори од кои најмногу половина можат да бидат надвор од Факултетот.

За трудот за кој се бара финансиска поддршка по овој основ не смее да е добиена финансиска подршка по истиот основ, ниту да се бара или да е добиена финансиска подршка по основ на објавување на трудот во научно списание.

**Член 14**

Финансиската поддршка по овој основ може да се добие само под условите за составот на уредувачкиот (програмскиот) одбор и на објавување на трудот пропишани со член 2 став 1 алинеја 3 од овој правилник.

## IV. Финансиска подршка за апликации на меѓународни проекти

**Член 15**

За секоја успешна апликација на меѓународни проекти во рамките на Европската програма од полето на образованието „ERASMUS+“ или Европската програма од полето на истражувањето и иновациите „Horizon 2020“ на ЛНК се ставаат на располагање средства во износ од 250 бода ако МФС е дел од конзорциумот, односно 500 бода ако МФС е главен координатор на проектот и апликант.

**Член 16**

Средствата се ставаат на располагање на ЛНК на координаторот на проектот од Факултетот, а по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Кон барањето подносителот доставува: копија од целиот проект, доказ дека е поднесена апликацијата и официјален извештај од евалуацијата на проектот или потврда дека проектот е избран за финансирање.

**Член 17**

Проектите кои не се избрани за финансирање, ќе добијат финансиска поддршка согласно овој правилник доколку во евалуацијата се оценети како „добри“ проекти.

Проектите кои во евалуацијата се оценети како „многу слаби“, како и проекти кои се одбиени заради технички недоследности во апликацијата, не можат да добијат финансиска поддршка согласно оваа одлука.

## V. Завршни одредби

**Член 18**

Средствата за финансиска поддршка по основите од членот 2 од оваа одлука, можат да се доделат најмногу два пати во текот на една календарска година за еден основ.

Вкупниот кумулативен износ на бодови кој може се додели како финансиска поддршка по сите основи не може да биде поголем од 1000 бодови за една ЛНК во текот на една календарска година.

**Член 19**

Се дозволува здружување на средствата кои можат да се доделат по основите од членот 2 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од овој правилник, за покривање на трошоците за активностите од членот 3 на овој правилник, под услов наставно-научниот и соработничкиот кадар кој ги здружува средствата да се автори на трудот кој се објавува во списанието или во зборникот на трудови од научниот собир, а за кој се одбрува користење на средства.

**Член 20**

ЛНК се затвора во случај на престанок на работниот однос на Факултетот на носителот на ЛНК по било кој основ или поради немање активност која е предмет на финансиска поддршка согласно овој правилник во три последователни години.

**Член 21**

Средствата наменети за финансиска поддршка ќе се обезбедуваат од средствата со кои самостојно располага Факултетот.

**Член 22**

За наменско користење на средствата ќе се грижи деканот на Факултетот, а за правилно водење на ЛНК ќе се грижи сметководството на Факултетот.

**Член 23**

Постапките за доделување финансиска подршка за форми и активности за стручно и научно усовршување кои се започнати пред донесувањето на овој правилник, ќе продолжат и ќе се завршат по Одлуката 02-2707/1 од 4.10.2012 година.

**Член 24**

Со влегување на сила на овој правилник престанува да важи Одлуката 02-2707/1 од 4.10.2012 година.

**Член 25**

Правилникот влегува во сила од денот на донесувањето.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Машински факултет – Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Машински факултет
Број 01-1458/1
5.11.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 69 став 1 точка 13 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), на предлог на Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот на 3-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 5 ноември 2020 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК
## за дополнување на Правилникот за финансиска поддршка на активностите поврзани со научноистражувачката работа и активностите поврзани со меѓународната соработка за развој на науката и образованието

### Член 1

Во Правилникот за финансиска поддршка на активностите поврзани со научноистражувачката работа и активностите поврзани со меѓународната соработка за развој на науката и образованието број 01-302/1 од 7.02.2017 година и број 01-265/1 од 6.02.2020 година, во членот 10 по ставот 1 се додава нов став 2 која гласи:

„Студентите од сите три циклуси на студии на Машински факултет во Скопје, кои учествуваат во трудот и ја навеле својата припадност кон Факултетот, во својство на членови на академската заедница се сметаат за автори на научниот труд од Факултетот."

### Член 2

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет – Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев